# ФОРМИРАЊЕ НА ПАРТИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

*Ѓорѓи ИВАНОВСКИ*

## ПРВИТЕ ГОДИНИ ОД МОЈАТА УЧИТЕЛСКА И ПАРТИСКА РАБОТА

### ПРВОТО НАЗНАЧУВАЊЕ И СРЕДБАТА СО НАПРЕДНИТЕ ДРУГАРИ

По завршувањето на учителската школа и отслужувањето на воениот рок, бев назначен за учител во селото Горњи Орах (Власотинечко), каде што пристигнав на 14 октомври 1938 година. Уште првиот ден бев пријатно изненаден: го сретнав школскиот другар од Белградската учителска школа — Тодор Банковиќ, родум од Крагуевац, кој учителствуваше во соседното село Добровиш. Пријатен впечаток ми оставија и селаните, кои еден на друг си соопштуваа: „Ни дојде учител Македонец", при што ја искажуваа радоста и, како и кон другите учители, својата почит. Бев изненаден што ме примија како Македонец, граѓанин на еден братски народ, а што беше во спротивност со политиката на властодршците, кои ни го оспоруваа и името и јазикот, нарекувајќи ја Македонија — Јужна Србија, а Македонците — Јужносрбијанци.

За два-три месеци запознав доста учители во околијата, меѓу кои имаше и доста напредни. Бидејќи во ова село останав само една година, а селата беа доста оддалечени едно од друго, ги запаметив само оние — најблиските. Тоа беа учителите: Стојан Обрадовиќ, Ратко Јововиќ, Љубица Нонин, Злата Ангелова и Никола Наков. Имаше и други напредни другари и другарки, што ни овозможи во раководството на Учителското здружение да имаме поголем број другари на чело со претседателот Бранко Павловиќ, учител во едно село во близината на Црна Трава. Ваквиот состав на управата овозможуваше на состаноците на Здружението да се изнесуваат реферати со напредна содржина и со посмели барања. Се сеќавам кога едно предавање предизвика бурна дискусија зашто предавачот тврдеше дека Србија се ширела на југ во Македонија заради проширувањето на пазарот на буржоазијата.

Секоја сабота или недела речиси сите учители од околните села се состануваа кај некој учител, секогаш во друго село. Овие наши состаноци не ни служеа само за разонода. На нив се дискути-

раше за прочитаната литература и за културно-просветното издигнување на селаните. Си поставивме задача да им помогнеме на селаните како да ги сушат сливите, а помалку да варат ракија. Во таа смисла учителот Бранко Цаниќ направи пушилница за сушење на сливи, за што се заинтересираа мнозина селани. Следната учебна година започнавме да подготвуваме две драми: „Вода од планината" од Раша Плаовиќ и „Народен пратеник" од Бранислав Нушиќ. Намерата ни беше да ги прикажуваме по селата. Меѓутоа, кон средината на октомври 1939 година бев преместен во селото Подмочани, поради што и не ми се оствари желбата да учествувам во овие културни манифестации во селата од Власотинечката околија. Во секој случај, од селото Горњи Орах понесов многу добри спомени и впечатоци, како за селаните, така и за учителите.

## РАБОТА НА ФОРМИРАЊЕТО НА ПАРТИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ПРЕСПАНСКА ОКОЛИЈА

По пристигањето во с. Подмочани (Преспанско) се сретнав со другарот Пенко Здравковски, учител во соседното село Грнчари. Со него се познавав уште од 1932 година, од Учителската школа во Белград, во која заедно учевме, само што тој беше во погорните класови од мене и како постар ученик имаше повеќе можност да доаѓа во контакт со напредни студенти.

Со Пенко бевме речиси неразделни, па дури секое лето заедно одевме на одмор. Тој, како прилепчанец, одржуваше постојани врски со родниот град од кој потекнаа многу напредни студенти и работничка младина. Од Прилеп Пенко донесуваше доста напредна литература, а и сами ја купувавме. Значи, читавме доста.

Нашите контакти со селаните беа постојани. Меѓу нив имаше доста печалбари кои работеле по Северна и Јужна Америка. Тие знаеја дека Комунистичката партија е партија на работниците и селаните. Во средбите со нив разговаравме за положбата на работниците во тогашна Југославија. Особено ги коментиравме и објаснувавме разните политички настани кај нас и во светот. Иако не бевме членови на КПЈ, ние се сметавме за комунисти, поради што и агитиравме за КПЈ, разобличувајќи ја тогашната ненародна власт.

Првата илегална литература ја добивме од Цветко Узуновски.[1]) Тоа беше „Пролетер" и „Комунист".

Легалната литература или си ја купувавме сами или Пенко ја донесуваше од Прилеп. Меѓу тие книги спаѓаа: „Анти Диринг", „Беда на филозофијата", „Политичка економија" од Сегал, „Фашизам" од Игнацио Силоне, „Петролеј" — изданија на „Нолит" и „Биноза". Од списанијата ги примавме следниве: „Уметност и критика", „Израз", „Учителска стража", „Наша реч" (легален орган на напредните интелектуалци на Македонија), библиотеката „Будуќност" и др.

Ваквата работа на политичкото изградување, како и поврзувањето со средината во којашто живеевме, толку нè доближија до Партијата што одвај чекавме некој да ни постави задача па да почнеме и организирано да живееме.

---

[1]) Родум од Царев Двор (Ресенско). Шпански борец. Сега генерал во пензија.

Само десетина дена по моето доаѓање во с. Подмочани, заедно со Пенко Здравковски организиравме набавно-продавна задруга. Задругата ни помогна уште поцврсто да се поврземе со селаните на заедничката работа. Селаните во нас гледаа како на луѓе што сакаат да ѝ помогнат. Многумина од нив доброволно работеа на уредувањето на задругата. Некои подаруваа штици, некои летви, некои вар, а некои носеа песок. Штом го подредивме внатрешниот дел на задругата, ја купивме најпотребната стока, онаа што селаните најмногу ја трошеа.

Секоја вечер селаните се собираа во задругата. Таму го читавме весникот „Политика" и ги коментиравме актуелните политички настани кај нас и во светот, со поставување на разни прашања од обете страни. А кога ги добивме песните од Кочо Рацин „Бели мугри" на македонски јазик, селаните со воодушевување ги слушаа и читаа. Тоа многу придонесе да се сфати дека и Македонецот може да пишува и да печати книги на својот мајчин јазик, дека и другите народи на Југославија се интересираат за Македонците и дека КПЈ, како партија на работниците и селаните, им го сака доброто на сите. Затоа нашата работа ја сосредоточивме на тоа селаните да сфатат дека интересите на југословенските народи се заеднички и дека нивната борба за подобар живот и за национална слобода мора да биде заедничка.

Во основањето на задругата учествуваа најсвесните активисти од селото. Некои од нив влегоа и во управата на задругата, а подоцна станаа и членови на Основната партиска организација во Подмочани. Задругата, покрај тоа што претставуваше место за собирање на селаните, ни помогна и како место за нашата политичка работа и популаризацијата на КПЈ, без да ѝ го привлекуваме вниманието на власта.

Нашата работа не остана незабележана од другарите — комунисти од Битолската организација, поради што и јас и Пенко, во ноември 1939 година бевме примени за членови на КПЈ, преку другарот Јосиф Ѕвончарот[2]). Веднаш ни се постави задачата, ние двајцата, заедно со уште двајца другари — Јонче Трповски[3]), од с. Покрвеник и Крсте Јонов[4]) од с. Евла да работиме на организирањето на партиска организација во Преспанска околија. И така, Пенко и јас, не само што станавме членови на КПЈ туку и членови на околиското поверенство. Да се биде член на Партијата и да се работи на организирањето на партиски организации во околијата претставуваше голема чест и задоволство за нас, макар што знаевме дека тоа нема да биде така лесно.

Тоа што ни се довери споменатата задача — не е некоја моја посебна заслуга, туку соодветствување со задачата на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија да се прошири партиската мрежа преку Битолската партиска организација.

---

2) Јосиф Ѕвончарот, студент по право од Битола, член на МК во Битола. Загина кај с. Стрмешево (Тиквешко) во борба со бугарските фашисти.

3) Јонче Трповски, родум од с. Покрвеник. Активно учествуваше во НОБ. По ослободувањето беше член на Околискиот комитет на КП — Ресен.

4) Крсте Јонов, од с. Евла. Активист во задднината.

Веќе следната сабота, ние четворицата (Пенко, Јонче, Крсте и јас) се состанавме во Ресен, во хотелот „Турист" за да го одржиме првиот состанок, на кој ги утврдивме нашите задачи: прво да се основаат партиски организации во нашите села; редовно плаќање на членарината; снабдување со партиска литература; работа со селаните и младината во врска со објаснувањето на целите на КПЈ и објаснувањето на политичките настани кај нас и во светот. Секоја сабота, или барем секоја втора, одржувавме состаноци во Ресен. Саботата беше пазарен ден, па можевме да разменуваме илегална литература без да го привлекуваме вниманието на власта.

Кон крајот на ноември истата година во Подмочани формиравме Основна партиска организација, а за секретар другарите ме избраа мене. Првите членови беа: Мите Кечуловски, Крсте Кечуловски, Вангел Шушевски, Коста Дојчиновски и јас. Наскоро се формира и основна организација и во с. Покрвеник, за чиј секретар беше избран Јонче Трповски, член на околиското поверенство.

Во текот на 1940 година нашата активност стана многу поширока, бидејќи се здобивме со поголемо искуство. Ва таа година беа организирани партиски организации во селата: Дрмени, Сопотско, Златари и Кривени. Освен тоа, основавме активи во гр. Ресен и во селата Крушје и Лавци и воспоставивме поединечни врски со активисти во селата: Езерани, Царевдвор, Љубојно, Крани, Јанковец и Избишта. И така, повереништвото прерасна во околиски комитет. Во почетокот на јуни во Комитетот го кооптиравме другарот Мите Богоевски[5]), студент од с. Болно, каде што организира основна партиска организација и стана нејзин секретар.

Кога станавме членови на КПЈ нашата работа стана поосмислена и посодржајна и тоа како во задругата, така и надвор од неа. Со пријатно чувство во срцето ги обиколувавме селата, газејќи длабок снег. Со селаните се поврзувавме на сите можни начини. Ги користевме селските собири, па дури и седнките, за агитација. Позаинтересираните доаѓаа кај нас во училиштето. Со нив посебно работевме и ги запознававме со задачите на Партијата. Тоа беа чесни луѓе кои уживаа почит од селаните. Така, во 1940 година ја проширивме партиската организација во Подмочани, во која влегоа следниве нови членови: Борче Сушевски, Лазар Парговски, Јонче Димовски и Веса Дојчиновска.

Истата година во Подмочани дојде другарот Богоја Фотев[6]), член на партиската организација од Битола, за да се запознае со нашата работа, односно со работата на Околискиот комитет, и да ни укаже помош. Со иста задача дојде и Перо Иваноски — Тиквар, член на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија.

Другарот Пенко беше многу комуникативен и снаодлив. Тоа ни овозможи да се поврземе и со морнарите во селото Асамати на Преспанското Езеро. Меѓу нив имаше и напредни младичи. Посебно се истакнуваше еден подофицер по презиме Обрадовиќ и уште неколку-

---

5) Мите Богоевски, млад македонски поет, загина во борбата со бугарските фашисти заедно со Стив Наумов од Битола. По војната обајцата се прогласени за народни херои.

6) Богоја Фотев, родум од с. Бистрица (Битолско). Активен учесник во НОБ.

мина, за чии имиња не се сеќавам. Тие често доаѓаа кај нас в училиште и добиваа напредна литература со која располагавме. И ние одевме кај нив уште пред да станеме членови на Партијата.

Кон крајот на 1939 година основавме и СКОЈ. Првите членови на СКОЈ беа: Живко Стефановски, Гога Сушески и Милан Сушески. Со скоевската група раководеше Пенко Здравковски. Со неа се разработувани разни партиски материјали од „Пролетер", „Комунист", „Искра" и Историјата на СКП(б).

Младинците, исто така, беа редовни посетители на задругата, каде што читаа весници и ги коментираа настаните кај нас и во светот. Јас со нив организирав двогласен хор, а Пенко раководеше со фудбалскиот клуб. И на овој начин ние често бевме во контакт со младината и врз неа делувавме политички.

Скоевски групи беа организирани и во другите села: Болно, Златари, Сопотско. Скоевците, со помош на членовите на Партијата, беа иницијатори за формирање на оркестар, пејачки групи и драмски аматерски групи. Аматерските групи ги подготвија драмите „Печалбари" од Антон Панов и „Македонска крвава свадба" од Војдан Чернодрински, додека пак пејачките групи ја пееја песната „Подигнимо у вис чела" и некои други револуционерни песни, се разбира конспиративно. Заради небудноста, една група младинци од Ресен беше притворена, па Пенко мораше да оди дури во Прилеп по адвокатот Рампо Левката[7]) за да ги брани. И ги одбрани.

Кон крајот на февруари 1941 година во Подмочани дојде другарот Божо Орландиќ, член на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија. Во училиштето се одржа состанок со членовите на Околискиот комитет, на кој другарот Орландиќ подетално нè запозна со политичката ситуација и укажа на опасноста од фашизмот. Ние го запознавме со состојбата на основните партиски организации во околијата и со условите под кои работиме. На состанокот беше решено да се зајакне политичката работа во постојните партиски организации и членовите да се подготват за борба против фашизмот и за одбрана на земјата од непријателот, како и да се зголеми бројот на членовите во Партијата и да се пристапи кон организирање на нови партиски организации.

По овие одлуки на Комитетот, одржани се состаноци со основните партиски организации и скоевските групи во целата околија и се преземени конкретни мерки за нивното јакнење и проширување на членството и на мрежата. Така, во Подмочани се примени уште двајца за членови на Партијата: Симо Цицимоски и Санта Шушевска. Скоевската група беше проширена со уште шест членови: Јонче Лазаров, Јордан Кусакоски, Коста Кусакоски, Круме Роцевски, Јордан Сушевски и Крсте Фотев. Сите членови на основната партиска организација и членовите на СКОЈ зедоа активно учество во НОВ, некои директно, како борци, а некои во заднината.

Работата на Околискиот комитет беше насочена на популаризацијата на КПЈ како авангарда на работничката класа за правата

---

[7]) Рампо Левков „Левката", адвокат од Прилеп. Член на КПЈ. Стрелан од бугарските фашисти. По војната прогласен за народен херој.

и подобар живот на работниците и селаните. Разобличувана е ненародната влада, укажувано е на опасноста од фашизмот и истакнувана е потребата за одбрана на земјата од непријателите, фашистите и домашните предајници. Ваквата политичка работа и ширењето на основните партиски организации и скоевски групи придонесоа луѓето и младинците од сите села од Преспанската околија и градот Ресен да бидат подготвени за борба против окупаторот, италијанските и бугарските фашисти.

### РАБОТАТА ВО УЧИТЕЛСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ

Посебно внимание му обрнавме на Учителското здружение на Преспанска околија. Пенко и јас бевме припадници на Третата учителска група. Кон крајот на 1939 година, при изборот на управата на Здружението, успеавме во неа да влезат напредни и активни учители. За претседател на Здружението бев избран јас. Целта ни беше во Здружението да ја спроведуваме линијата на КПЈ и да го разобличуваме раководството на ЈУЗ на чело со Димник, кое ја спроведуваше политиката на владеачката ненародна влада. Веднаш потоа, со Пенко подготвивме две предавања: „За економската положба" и „За културно-просветната работа на учителите на село". Критичната положба во која тогаш се наоѓаа учителите и работниот народ, како и потребата од такво општествено уредување што ќе овозможи подобар економски и просветно-културен живот на народот — ја претставуваа срцевината на предавањата. На состанокот присуствуваше и школскиот надзорник Микица Тополчевиќ, кој по своето политичко убедување беше демократ и често ги бранеше напредните учители пред власта. Кога веќе не успеа да нè убеди да отстапиме од некои ставови, побара збор и рече: „Доколку еден ден колегите Ѓорѓи и Петар ќе имаат работа со полицијата, јас ги дигам рацете и не можам да ги бранам". Но, ние си останавме при своите ставови. Во дискусијата нашите ставови особено ги критикуваше учителот Влатковиќ (за името не се сеќавам). Меѓу учителите имаше и напредни што ги поддржуваа нашите ставови. Меѓу нив беа: Трпко Калајџиски, учител во Царевдвор, Христина . . . , учителка во Ресен и Славко Кручичан, учител во с. Сопотско.

Во јануари 1940 година со Пенко учествувавме на Педагошката недела во Белград. Слушавме впечатоци од борбите во Шпанија што ги изнесе еден учесник во Шпанската граѓанска војна, како и разни анкети за тешката положба на селанецот и на самите ученици кои недоисхранети и боси одат на училиште. Во тоа време во Белград се одржуваа и демонстрации против тогашната политика на југословенската влада, поради што и паднаа жртви меѓу демонстрантите — работници и студенти. По, повод тие убиства се одржа состанок на учителите припадници на Третата учителска група на кој се донесе резолуција против грубоста на полицијата. Резолуцијата требаше да се предаде на претседателот на владата. Подоцна дознавме дека таа не била предадена, зашто тоа не го дозволил некој другар од раководството на ЦК КПЈ, бидејќи со списокот на потписниците на резолуцијата на полицијата ќе ѝ направевме уште поголема услуга.

Преку летото 1940 година, со Пенко учествувавме на партискиот курс во Сијаринска Бања. Курсот го раководеше Светозар Вукмановиќ. Бевме поделени на кружоци и ја проучувавме историјата на СКП(б) и уште некоја друга марксистичка литература. Еден ден со Пенко влеговме во собата на Вељко Дугошевиќ. Кога тој ни покажа неколку Ленинови дела ние се изненадивме. Кога го прашавме како ги добил ни одговори: преку Чехословачка.

Животот и работата во Бањата беа многу добро организирани. Во определено време станувавме и ја започнувавме работата во кружоци. Работата траеше сè до 12 часот. По ручекот се занимававме со разни спортски игри, особено со одбојка и фудбал, а имаше време и за песни (српски, македонски, црногорски и револуционерни), а потоа пак, од 15 часот работа по кружоци. Навечер се собиравме во една просторија каде што еден од другарите ќе читаше некој реферат. Се сеќавам дека тоа беа реферати за работата со младината, жените и селаните. Посебен впечаток мене ми оставија другарите Дугошевиќ и Вукмановиќ, пред сè Вукмановиќ со своите јасни и определени ставови за разни прашања по кои се дискутираше. Ме изненади неговото, до ситници, познавање на историјата на СКП(б).

Во врска со идната работа во учителските здруженија, во кои требаше да се спроведува линијата на КПЈ, организиран е состанок на активот на Третата учителска група. Состанокот е одржан во селото Средно Егри (Битолско), на самата југословенско-грчка граница, во кое учителствуваше Коста Ѓукиќ. Присуствуваа претставници на учителите од Битолска, Преспанска, Бродска и Крушевска околија: Константин Ѓукиќ, Тодор Ангелески, Илија Јанкуловски, Анка Обуќина, Петар Здравковски, Ѓорѓи Ивановски, Благој Кондарко и Здравко Шестиќ. На овој состанок е донесена одлука во околиските здруженија да се преземат акции за разобличување на раководството на ЈУЗ на чело со Димник, да се работи на популаризацијата на КПЈ, поорганизирано да се работи со селаните, жените и младината, да се информираат луѓето за фашистичката опасност и да се подготвуваат за одбрана на земјата.